Врз основа на одредбите од Одлуката за формирање на Македонска енргетска асоцијација бр. 08-1847/3 од 21.04.2005 година, донесена од Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, Македонската енергетска асоцијација, на Конститутвната седница одржана на 26.05.2005 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛА
## за организација и начин на работа на Македонската енергетска асоцијација

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува организацијата и начинот на работа на Мадонската енергетска асоцијација (во натамошниот текст: МЕА), како постојано работно тело на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија за разгледување прашања од областа на енергетиката, усогласување на определбите за развојната политика, рационализацијата, супституцијата и заштедата на енергијата.

### II. Организација на МЕА

Член 2

Согласно целите, задачите и функциите, според утврдени критериуми на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, членови на МЕА можат да бидат:

- претставници од здруженијата по дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија;
- стручни лица и експерти во областа на енергетиката, производители на енергенти, снабдувачи на енергијата;
- потрошувачи на енергијата која изнесува годишно:

а) кај електричната енергија над 10.000.000 КВЧ;
б) на јаглен над 10.000 тони;
в) на кокс над 1.000 тони;
г) на мазут над 3.000 тони;
д) на пророден гас над 5.000.000 м$^3$
ѓ) на дизел гориво, бензин и пропан бутан над 300 тони.

### III. Органи и тела

Член 3

МЕА ги има следните органи и тела:

- претседател и потпретседател;
- постојани и повремени помошни тела (комисии, совети од експерти и сл).

Со Одлуката за формирањето на телата се определува составот и делокругот на работа.

Член 4

Претседателот и потпретседателите се избираат од претставниците - членови на МЕА, со мандат од 4 (четири) години.

Член 5

Претседателот на МЕА ги свикува седниците на МЕА и претседава со неа, покренува иницијатива за разгледување на определени прашања за седницата, го предлага дневниот ред, соработува со претседателите на другите тела и облици на Комората и работи согласно Статутот на Стопанската комора на Македонија и актите на МЕА.

**IV. Начин на работа**

Член 6

МЕА работи на седници.

Работата на МЕА е јавна.

Седниците на МЕА ги свикува претседателот на МЕА по своја иницијатива , по барање од најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на МЕА по предлог на председателот на Комората.

Член 7

Поканата за седниците на МЕА се доставуваат најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата до сите членови на на МЕА и претседателот на Комората.

Член 8

Со поканта за седницата на членовите на МЕА им се доставува предлогот на дневниот ред, со материјалот што ќе се разгледува на седницата, како и записникот од предходната седница, доколку порано тој не е доставен или е договорено поинаку.

Во исклучителни случаи , претседателот на МЕА може да свика седница во рок пократок од 5 дена . Дневниот ред за таа седница може да се предложи на самата седница на која на членовите на МЕА се врачува материјалот за седницата.

За сеницата што е свикана по предлог на друг орган ,тело или облик на Комората, поканата за седницата со материјалот што ќе биде предмет на разгледување се доставува и до тој орган, тело или облик што ја иницирал средбата.

Член 9

По отварањето на седницата се пристапува кон утврдување на дневниот ред.

Секој член на МЕА има право на седницата на МЕА да предложи одредени прашања да се стават на дневен ред и е должен да го образложи интересот на предлогот.

По утврдување на дневниот ред, се пристапува кон усвојување на записникот од предходната седница.

Член 10

МЕА може да одлучува полноправно доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината избрани членови на МЕА што председателот го констатира на седницата.

Откако претседателот ќе констатира дека на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број членови на МЕА, дава кратко појаснување во врска со работата на седницата, а потоа се преминува на работа по одделни прашања што се на дневен ред.

Воведно излагање поднесува изготвувачот на материјалот, а потоа добиваат збор учесниците во дискусијата.

Претседателот го заклучува претресот по одделни прашања од дневниот редшања од дневниот ред откако ќе се утврди дека нема пријавени за дискусија и оформува заклучок.

Заклучокот претседателот го става на усвојување на членовите на МЕА.

Член 11

Заклучоците, ставовите и мислењата на седницата на МЕА се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на МЕА.

Гласањето по правило се врши јавно. За одделни прашања може да се одлучува со тајно гласање.

Член12

Покрај членовите на МЕА на седницата може да присуствуваат поканети експерти од областа на енергетиката , членови на Управниот одбор на Комората , членови на други тела и облици на организирање на Комората , гости , без право на одлучување.

Член 13

На седницата на МЕА се води записник.

Записникот содржи дата на одржување на седницата список на присутните членови на седницата и список на останатите присутни на седницата, дневен ред на прашањата што се разгледуваат како и заклучоците , ставовите , мислењата и предлозите што се усвоени за секое прашање пооделно кое се разглеувало на седницата.

Член 14

Секој од членовите на МЕА или присутните лица кои не се членови , има право да бараат нивното излагање во целост или дел од него да влезе во записникот за седницата.

Член 15

Записникот од секоја седница на МЕА им се доставува на сите членови на МЕА најкасно 5 дена пред денот определен за одржување на наредната седница.

Секој член има право на наредната седница на МЕА да стави забелешка на текстот од записникот.

Ако се усвои забелешка ќе се извршат потребните измени во записникот.

Усвоениот запсинк го потпишува председателот на МЕА.

Член 16

Членовите на МЕА имаат права и должности:

- да присуствуваат и да учествуваат во работата на седницата на МЕА;

-да даваат забелешки, мислења , предлози и да сугерираат за решавање на пооделни прашања кои се на дневен ред на седницата;

-да учествуваат во разгледувањето и заземањето ставови по сите прашања кои се на дневен ред на седницата;

- да покренуваат инцијатива за унапредување на работата на МЕА и активно да работат на остварувањето на ставовите и заклучоците на МЕА;

- по барање на МЕА да учествуваат во работата на Управниот одбор на Комората на чии седници се разгледуват прашања од интерес на МЕА.

## V. Соработка со други органи, тела, облици и други форми на работа и одлучување

Член 17

МЕА во соработката со други органи, тела, облици и други форми на работа и одлучување на Комората за прашања што се од заеднички интерес.

МЕА соработува и со други органи , организации и заедници, невладини организации од областа на енергетиката, научни институции, факултети, МАНУ, со цел поуспршно функционирање.

МЕА може да остварува соработка и контакти со други институции, органзиации и асоцијации во странство непосредно, согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Македонија.

Член 18

МЕА може да организира заедничка седница со други здруженија, регионални комори, или групации на Комората по прашања од заеднички интерес.

Инцијативата за свикување на заедничка седница може да даде претседателот на МЕА или претседателот на Комората.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА МЕА

Член 19

Висината на финансиските средства потребни за работа на МЕА се утврдуваат со Финансискиот план на Стопанската комора на Македонија, врз основа на програма за работа верифицирана од Собранието на Стопанската комора на Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на МЕА кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите

на МЕА можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на МЕА се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства е претседателот на МЕА.

**VII. Завршни одредби**

Член 20

Стручните работите на МЕА ги врши секретар како стручно лице на Стопанската комора на Македонија.

Стручното лице на Комората се грижи за организација на седниците , за водење и изготвување на записник, како и изготвување на сите акти што се донесуваат на седницата на МЕА.

По потреба, секретарот изврушува и други работи од делокругот на работа на МЕА во договор со претседателот на МЕА, како што се следење на законите од областа на енргетиката , покренување инцијатива за реализација на проекти од областа на ефикасно користење на енергијата, презентации на нови технологии, едукативни седници од областа на енергетиката , покренува иницијативи во другите зружениja за проблеми од ефикасно користење на енергијата ,цените на енергентите, информации од пазарот на енријата и сл.

Секретарот води евиденција на податоците во компјутерскиот центар од облатста на енергетиката, ги дополнува и одржува податоците на веб порталот на Комората од енргетскиот биланс и други податоци од интерес на стопанството.

Член 20

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување.

Претседател,
Димитар Хаџимишев

Бр. 10-2102/2
26.5.2005 год.
Скопје